**ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**
**СВЕТА МИТРОПОЛИЈА ВЕЛЕСКА И ПОВАРДАРСКА**

Протокол бр. 44 од 08.03.2003

До Синодот на МПЦ
кој пребива во раскол

Прилично долго време размислувавме дали да одговориме на Вашата Одлука бр. 30 од 17.02.2003 и на Одлуката 246-1 од 07.08.2002, а која ја добивме истиот ден со препорачана пошта кога ја добивме и Одлуката бр. 30 од 2003г. Православните христијани немајќи евхаристиско општење со расколниците го сведуваат на минимум секое друго општење со нив. Општат само тогаш кога има било каква надеж дека расколниците или еретиците ќе се преумат, ќе излезат од мракот во којшто живеат и ќе се присоединат на едната света соборна и апостолска Црква. На голема жалост, сета надеж дека Синодот на архијереите на МПЦ во ваков постоечки состав, ќе го отфрли расколот како погубен за спасението и ќе се присоедини на телото на Црквата, кое всушност е самото тело Христово, скоро е загубена. Но, заради историската одговорност пред наредните генерации, заради оние кои ќе одлучат да живеат во Црквата и ќе го намразат расколот како душепогубен, заради оние кои утре ќе ги проколнат сите ваши постапки и одлуки како противцрковни, неканонски и еретички, заради нив решивме да одговориме и да го разобиличиме Вашето опрелестено дело, злобата и зависта својствена на расколниците, но најмногу од сè Вашиот погрешен избор во животот, наместо кон воскресение и живот вечен, да се движите кон гробот и распаѓањето.

Прво ќе се осврнеме врз Одлуката бр. 246-1 од 07.08.2002год. која ја добивме дури на 28.02.2003год. Она што е јасно од таа одлука е дека не е донесена на 07.08.2002год. како што пишува на истата, туку е донесена веројатно истиот ден, кога и одлуката 30 од 17.02.2003год. За да не се повтори бројот 246, заведена е под бр. 246-1, иако е донесена многу подоцна. Но, тоа и не е толку битно, вие учите ерес и ги кршите каноните на Црквата, па сега да ви се замери зошто немате средена администрација? Останува само дилемата, дали и цитираните членови од Уставот на МПЦ се погрешени од страна на административецот кој ја подготвувал одлуката, па ниту еден од нив нема никаква врска со содржината на истата, или пак, ставени се во прокименот за да се забележува дека има некакви бројки?

Проблемот е многу посериозен отколку што на некого може да му изгледа. Вашата недоследност, неупатеност, незнаење, донекаде можат и да се толерираат. Воспитанието во верата, духовноста, па на крај и на администрирањето е личносно ниво и Господ ќе ги мери на Страшниот суд, меѓутоа, желбата да останете во раскол мотивиран од ниски побуди, истиот еретички да се брани, тоа не може да ви се прости ниту во сегашноста, ниту во иднината. Не треба многу истражување за проблемот да се лоцира во расколничката совест на некои архијереи кои правејќи му апологија на својот етнофилетизам завршуваат во ерес. Сметаме дека веќе ретко ќе најдете толку наивен човек кој ќе ви поверува дека СПЦ имала желба да ја подвласти МПЦ. Црквата ја унижуваат неколкумина кои седат со вас, господа, кои ги гледаат само личните интереси и имаат полза Црквата да остане во раскол.

Вие во Синодот седите со убиец, со него служите, со него се причестувате, со него имате дел и исто наследство. Може ли некој да ве разликува од него? Да не зборуваме за некои други, повторно помеѓу вас, за кои сигурени сме дека добро знаете и кој ги избрал и кој ги внел во архијерејството и кому му служат наместо да ѝ служат на Црквата. Со изговор дека немате 12 епископи во Синодот, не успевате да ги судите, но барем некој да имаше смелост да го разобличи нивното дело. Наспроти тоа, вие заедно со нив ја раструрате Црквата од внатре со неканонски постапки и погрешни учења.

Ќе ви наведеме само некои од нив. Прво со Одлука бр. 161 од 06.07.2002г. нѐ отпуштивте од работа како што тоа се прави од Друштвата со ограничена одговорност, не само несогласно со канонитe, туку несогласно и на вашиот правилник кој го нарекувате Устав. На варварски начин, со пиштол вперен во устата од страна на Полицијата нѐ избркавте од катедрата на Велеската митрополија, нѐ нарековте во таа одлука поранешен митрополит, а не кажавте при тоа кое достоинство во тој момент го имаме, за отпосле осум месеци да добиеме одлука дека сме биле развластен и детронизиран. Прашањето кое ќе треба да им го одговорите на наредните генерации, а и на историјата, не нас, зашто ние немаме потреба од вашиот одговор бидејќи сите ваши Одлуки и дејства ги сметаме за ништавни, е во следново: Како е можно некој архијереј со митрополитско достоинство, прво да го истераш од катедрата, да го истераш од Неговата епархија, да кажеш дека не е член на вашето Друштво, да му ја одземеш титулата и да го наречеш поранешен, дури потоа да го развластуваш и детронизираш, без разлика дали е тоа после осум месеци како што се случи или на 07.08.2002год. како што пишува во Одлуката, а при тоа да немало судски процес против него, да немал можност да се брани и одбрани. Тоа денес го нема ниту во најварварските земји. Дури и ако е од незнаење, многу е, но пострашно е што е од злоба и ниски користољубиви страсти.

Сепак, во споменатата одлука нешто е точно. Нѐ нарекувате **одметнат** и точно е тоа дека сме **одметнати** од вашата расколничка организација, за потоа, во Одлуката бр. 30 од 17.02.2003год. тоа одметнат да го надградите во **одроден**. По сѐ изгледа и тоа сте го погодиле. Голема е нашата среќа што сме **одродени** од сите расколнички архијереи, од убијци и противници на Црквата и тоа го сметаме за доблест, не за грев, како што вие тоа сакате да ѝ го прикажете на јавноста.

Јасно ни е и тоа зошто сакате да го изманипулирате народот дека немаме право да извршуваме никави богослужби и чинодејствија, ниту да организираме било каков црковен и монашки живот, срамно додавајќи „во Македонската православна црква”, за луѓето да не сватат дека тоа се однесува за во вашите расколнички зборишта. Како што злобникот најмногу пакост си прави себе си, така и вие, мислејќи дека ако на нашата смиреност не ѝ дозволувате да служи на местата кои сте ги узурпирале од Православната Црква, ќе ни направите тешкотии да се снајдеме каде да богослужиме, вие всушност самите себе си го забранувате влезот во едната и единствена Црква Божја. Триесет и пет години се лаже македонскиот народ дека Црквата во Македонија имала автокефалност, па сега не може ли да се продолжи со лагата дека нашата смиреност немала право да богослужи? Со вас не би служеле дури и со пиштол да ни претат, како што тоа го правеа кога не бркаа од катедрата, и тоа пред сѐ затоа што сте расколници и еретици, а не затоа што вие ни забранувате да влегуваме во храмовите чии ктитори се грци, срби и бугари, а вие ги узурпиравте. На историјата, пак, и на иднината ќе треба да им објасните: Каква е таа титула, развластен и детронизиран поранешен митрополит Јован? Во која еклисиологија, во кое канонско или црковно право, или пак во кој Устав сте ја сретнале?

Жал ни е само што некои кои уште седат со вас, некогаш имаа подобар углед помеѓу верниците, а сега го изгубија. Добро би било да си направат една сондажа каков им е сега угледот? Не кај неселението во Македонија, ниту кај новинарите, тие не се критериум за Црквата, туку кај оние кои редовно се црквуваат, кај оние кои се причестуваат со телото и крвта Христови, тие се вистинска Црква и вистинскиот критерум. Народот вели со кого си

таков си, а апостолот вели: Ќе ги земам ли значи, членовите Христови и од нив ќе направам членови на блудница? (1Кор. 6,15), секако сакајќи да каже дека со оној со кого имаш однос и заедница, не само телесна, уште повеќе духовна, со него и се поистоветуваш.

Суштинскиот плод на расколот е вашата некомуникација. Не сакате да се видите еден со друг, едни со други не зборувате. Расколот ја растура природата на заедничарењето до уништување. Блажен ќе биде оној кој ќе му се спротистави на етнофилетизмот и на заединчарењето со луѓе кои имаат кононски пречки да бидат во било кој свештенички чин, да каже не на еретчката апологија која МПЦ со децении ја создава за да го брани расколот. Жал ни е конечно за некои монаси и монахињи кои не можат сеуште да ги согледаат вашите користољубиви позиции. Но, веројатно Господ набрзо ќе ги просветли.

За крај би сакале да ве потсетиме на нешто што би требало да го знаете бидејќи за тоа бевте официјално известени. Нашата смиреност, Митрополитот велески и повардарски и егзарх охридски од 24 септември 2002 год. е член на Соборот на СПЦ. Не само заради тоа што самите вие донесовте одлука со која ме избркавте до вашата банда (не го велиме ова вулгарно, зашто банда не е само криминална, грците ја викаат банда и група на музиканти), туку и заради тоа што сме член на друг Синод, треба да престанете да носите одлуки за нашата смиреност, зашто иститe немаат никаква полноважност во Православната Црква, а згора на сето тоа откриваат лоши работи за вас што другите до сега не ги знаеја. После сè нецрковно, неканонско, неуставно, па дури и еретичко што направивте, никого веќе не би зачудило да продолжите во уште поголеми престапи. Најавувате две работи. Да се судите со нас на граѓански суд откако веќе пропаѓаат обидите на јавниот обвинител на Велес, г-динот Јован Димов да принесе докази во полтичкиот процес против нас, и второто да правите собор на нечестивци и без консултација на црковните канони да судите со политички критериум. Барем еднаш земете го Зборникот на црковни канони, ако знаете дека таква книга воопшто постои и видете што велат за оние кои црковните проблеми ги решаваат на граѓански судови.

Постот е период кога христијаните треба да размислат за својот живот, до каде стигнале и кон каде треба да го продолжат животот. Се молиме Господ да ве просветли во претстојнава светла четириесетница, да излезете од ереста на етнофилетизмот и да пристапите во телото на Црквата Божја. Било кој друг пат да го одберете ќе ви биде беспаќе. Илјада храмови да подигнете, сто манастири да наполните, ако останете во раскол и ерес не ќе имате одговор на Судот Божји. Расколот, вели Св. Кипријан Картагински, не може да го испере ниту крвта од маченииштвото. А, и нешто друго, времето на Соборот во мај наближува.

+Јован
Митрополит велески и повардарски
и егзарх охридски

П.С. Нема веќе да ви бидат испраќани приговори од луѓето чии крштенија направени во вашата „расколничка организација" не се признаваат во Православната икумена и затоа бараат ние да го потврдиме крштението. Добивте доволно материјал за да се уверивте дека има многу такви случаи.

- Бидејќи гореспоменатите ваши одлуки се испратени до Републичката комисија за односи со верските заедници, покрај тоа што ова писмо го испраќаме до Синодот на СПЦ, ќе биде испратено и до споменатата комисија.